СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр. 08-2893
12.05 .2025 година
К а в а д а р ц и

ДО

________________

Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002 и "Сл.весник на РСМ"бр.202/24), член 79 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005...75/21) и член 56 од Деловникот на Советот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.21/06, 75/21), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
## за свикување на ПЕДЕСЕТ И ШЕСТТАТА седница на Советот на Општина Кавадарци

I

Ја свикувам ПЕДЕСЕТ и ШЕСТТАТА седница на Советот на Општина Кавадарци на ден 19.05.2025 година (ПОНЕДЕЛНИК), со почеток во 11.00 часот.

Седницата на Советот на Општина Кавадарци ќе се одржи во Голема сала на Општина Кавадарци.

I I

За работа на седницата го предлагам, следниот

Д н е в е н р е д

- Усвојување на Записник од 55-тата седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 29.04.2025 година ;

1. Предлог-Одлука за донесување Урбанистички Проект со План за парцелација, за формирање на една градежна парцела од две соседни градежни парцели (ГП 4.3 и ГП 4.4) од ДУП за УЕ„Лазо Асијата„ Општина Кавадарци;
2. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на Договор за уредување на начинот на авансно плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште и взаемни односи за изградба на станбена зграда со Инвеститор ДПГТУ ФИВЕ СТАР БИЛДИНГ ДООЕЛ Скопје, на ГП.бр.11.1.63 врз основа на извод од ДУП за УЕ 11, дел од блок 11.1 „Миле В'чков„ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци со плански период 2020-2025;

3. Предлог-Одлука за техничка исправка во табеларен дел од Урбанистички План за Г.П.6.3.173 од ДУП за УЕ 6, дел од Блок 6.3 „ Блажо Алексов„ Општина Кавадарци, донесен со Одлука со арх.бр.08-1640/66 од 13.03.2025 година;
4. Предлог-Одлука за давање согласност за пренесување на право на градење на објект за потребите на општина Кавадарци;
5. Предлог-Одлука за давање согласност за пренесување на право на градење на објект за потребите на општина Кавадарци;
6. Годишен План за вработување за 2026 година на Општина Кавадарци;
7. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци;
8. Предлог-Одлука за примање на донација на услуга – извршување на градежни работи од ДГТИ„Градба Промет „ Кавадарци;
9. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2025 година ;
10. Предлог-Одлука за давање на времено користење без надомест ствари на „Храна за сите-Банка за храна Македонија -Скопје , за потребите на ЗГ „ ЕКО – ЖИВОТ„ Кавадарци за реализација на Проектот„НУЛА ГЛАД ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ„;
11. Извештај за работењето на ЈП „ Комуналец„ Кавадарци за период од 01.01.2025-31.03.2025 година, донесен од Управен Одбор на ЈП „ Комуналец„ Кавадарци;
12. Извештај за работењето на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за период од 01.01.2025-31.03.2025 година, донесен од Управен Одбор на ЈП „ Комуналец„ Кавадарци;
13. Одлука за изменување и дополнување на Одлука за давање на донација на „паметни" водомери со арх.бр. 02-1368/6 од 16.08.2024 година, донесен од Управен Одбор на ЈП „ Комуналец„ Кавадарци;
14. Извештај за работата на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци за период од 01.01.2025-30.03.2025 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи ..Василев Јасмин„ Кавадарци;
15. Извештај за работата на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР МИХАЈЛОВО ДООЕЛ Кавадарци за период од 01.01.2025-30.03.2025 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;
16. Извештајот за работење на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, за период од 01.01.2025 -30.03.2025 година, донесен на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

17. Извештај за финансиското работење на Заедничко јавно претпријатие“Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.01.2025 до 30.03.2025 година, донесен од Управен Одбор на Заедничко јавно претпријатие“Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци;

**Напомена:** Материјалот 1, 3, 6, 11, 12 ,13, 14, 15, 16 и 17 по точките од предложениот дневен ред, ќе Ви бидат дополнително доставени.

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател
д-р Стојанчо Рамов